Врз основа на член 29 став (10) од Законот за вршење на сметководствени работи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНА КВАЛИФИКАЦИЈА СТЕКНАТА ВО СТРАНСТВО

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за признавање на професионална квалификација стекната во странство.

## Член 2

Барањето за признавање на професионална квалификација стекната во странство се поднесува на образец „Барање за признавање на професионална квалификација стекната во странство “, во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 13- 540/1
20 јануари 2023 година
Скопје

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi, с.р.

ПРИЛОГ

ДО
ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Б А Р А Њ Е

за признавање на професионална квалификација стекната во странство

Од_______________________________________________________________________________

(име, име на еден од родителите и презиме)

_______________________________________________________________________________

(адреса и живеалиште на подносителот на барањето)

_______________________________________________________________________________

(телефон и е-пошта на подносителот на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија да ми ја признае професионалната квалификација за сметководител односно овластен сметководител стекната во странство согласно член 29 ставови (5) и (6) од Законот за вршење на сметководствени работи (*).

Место и датум                                        Подносител на барањето

_______________                                      _______________________